РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1136/2
27-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 09-5262/1 од 18.11.2019 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ------- ------, член на Надзорен одбор на -------- ------ -- ------ -- ------, СЕ ЗАПИРА.

По редовна проверка на Образецот изјава за интереси поднесен од страна на лицето -------- ------- при извршување на функцијата член на Надзорен одбор на -------- ------ -- ------ -- ------, ДКСК утврди прекршување на одредби од ЗСКСИ, но поради промена на фактичка состојба, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-5262/1 од 18.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ------- -----со бр. 09-3920/1 од 04.12.2017 година и утврди дека истата ги врши следните функции:

- Член на Надзорен одбор на -------- ------ -- ------ -- ------;
- Член на ------- -- ------- на Република Северна Македонија и
- Член на Надзорен одбор во -------- ------ -- ------ -- ------.

По вака утврдената фактичка состојба, ДКСК до лицето Софче Јованова достави Известување и барање за постапување со кое ја извести дека состојбата во која што се наоѓа е спротивна на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите и од неа побара во рок од 15 дена да ја надмине настанатата состојба и за истото да ја извести Државната комисија со приложување на доказ за истото.

До Државната комисија, лицето ------ ----- достави Известување со кое се произнесе дека со ангажирањето на функција член на НО на ---- (порано ----), член на ------ -- ------ и член на НО на ----, не може да стане збор дека се наоѓа во состојба на судир на интереси, бидејќи имала статус на работен однос, а не на избрано или именувано лице.

Гореспоменатото лице ------ -----, и покрај укажувањето од страна на ДКСК, не постапи по истото.

Со оглед на тоа што во моментот кога ДКСК достави Известување и барање за постапување до гореспоменатото лице беа изминати две години од сторувањето на прекршокот, што е законски рок за

изрекување на прекршочна санкција согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците *„Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот“*, ДКСК и покрај констатираните повреди на член 44 став 1 и 4 од ЗСКСИ, не можеше да поведе прекршочна постапка со издавање на прекршочен платен налог и записник за констатиран прекршок против сторителот на законските повреди.

По повторно разгледување на предметните наводи, како и испитување на претходните состојби, а со цел повторно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија констатира дека лицето ------ ------- повеќе не ја извршува функцијата член на Надзорен одбор на -------- ------ -- ------ -- ------, односно ------ ----- на Северна Македонија и не ја извршува функцијата член на ------ -- ------ на Република Северна Македонија.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, ДКСК утврди дека лицето ----- -------- сторила повреда на член 44 став 1 и 4 од ЗСКСИ, односно истовремено извршувала повеќе од една јавна функција, што е казниво по член 105 од ЗСКСИ, но поради застареност на прекршокот против неа не можеше да биде поведена прекршочна постапка. Од друга страна пак, со тоа што е настаната промена на фактичката состојба, ДКСК одлучи да го запре постапувањето по предметот и истиот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК